Council of Europe
European Commission

Conseil de l'Europe
Commission européenne

CARDS POlice

**Проект КАРПО: Развој на доверливи и функционални полициски системи и зајакнување на борбата за сузбивање на главните криминални активности и полициска соработка**

**14 април 2005**
**Draft MK**

**Цел 1.3: Подршка на поефикасна употреба на специјални истражни техники и разузнување во согласност со стандардите за почитување на човековите права (под-активност 1.3.3.1)**

# РЕГИОНАЛНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ДИСКУСИРАЊЕ НА НАЦРТ ИМПЛЕМЕНТАЦИСКАТА СТРАТЕГИЈА И ЗА ПРЕГЛЕД НА ПОТРЕБИТЕ ЗА ОБУКА ВО ОБЛАСТА НА УПОТРЕБАТА НА СПЕЦИЈАЛНИ ИСТРАЖНИ ТЕХНИКИ

## НАЦРТ ДНЕВЕН РЕД

**18-19 мај 2005**
**Тирана, Албанија**

<u>Јазици</u>: Албански, босански/хрватски/српски и англсики (обезбеден симултан превод)

<u>Учесници</u>: 25; членовите на Работните групи за Спцијални истражни техники од сите држави опфатени со проектот (двајца високи полициски преставници специјализирани во имплементацијата на специјалните истражни техники – од кои барем еден да е со специјализација за раководење и назначување на тајни (undercover) агенти. Воедно поканети се и по еден Обвинител од секоја држава опфатена со проектот.

**Среда, 18 мај 2005**

**Утринска сесија**
(9.00 – 13.00)

- **ОТВОРАЊЕ НА РАБОТИЛНИЦАТА**
  - *Воведни забелешки и преставување на учесниците;*
  - *Краток преглед на планираните активности во рамките на проектот КАРПО поврзани со Специјалните истражни техники во 2005/2006*
  - *Методологија, цели и очекувани резултати на Работилницата.*

## I ДЕЛ

- **НАЦИОНАЛНИ ИМПЛЕМЕНТАЦИСКИ СТРАТЕГИИ / АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ИСТРАЖНИ ТЕХНИКИ**

  - *Презентација на нацрт имплементациските стратегии / акциони планови за секоја држава опфатена со проектот;*
  - *Елаборација на секоја презентација во поглед на размената на искуства и утврдување на понатамошни чекори за финализација на имплементациските стратегии / акциони планови.*

**Попладневна сесија**
(14.30 – 17.00)

- **НАЦИОНАЛНИ ИМПЛЕМЕНТАЦИСКИ СТРАТЕГИИ / АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ИСТРАЖНИ ТЕХНИКИ**
  - *[продолжение на утринската сесија]*

- **СОГЛАСНОСТ ЗА ПОНАТАМОШНИ ЧЕКОРИ И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ФИНАЛИЗАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИСКИТЕ СТРАТЕГИИ ЗА СЕКОЈА ДРЖАВА ОПФАТЕНА СО ПРОЕКТОТ**

## II ДЕЛ

- **ПРЕГЛЕД НА ПОТРЕБИТЕ ЗА ОБУКА ВИ ОБЛАСТА НА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ИСТРАЖНИ ТЕХНИКИ**
  - *tour de table* за моменталниот статус за постојните, планирани, или неопходни програми за обука во областа на Специјални истражни техники, со нагласок на обука за поставување и раководење на тајни *undercover* агенти во државите опфатени со проектот..

## Четврток, 19 мај 2005

**Утринска сесија**
(9.00 – 13.00)

- **ДОБРИ ИСКУСТВА ОД ОБЛАСТА НА ОБУКАТА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ИСТРАЖНИ ТЕХНИКИ**
  - *Презентација на експертите од Советот на Европа за добрите практики во областа на обуката по употреба на специјални истражни средства со нагласок на обуката за поставување и раководење со* тајни, *undercover* агенти;

- **ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА ОПШТИТЕ МОДУЛИ ЗА ОБУКА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ИСТРАЖНИ ТЕХНИКИ**
  - *Идентификација на заедничките (регионалните), специфични за секоја земја, како и специфични за секоја целна група (полиција, обвинителство, судство) елементи на модулите за обука.*

**Попладневна сесија**
(14.30 – 18.00)

- **ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА МОДУЛИТЕ ЗА ОБУКА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ТАЈНИ, *UNDERCOVER*, АГЕНТИ**
  - *Идентификација на заедничките (регионалните), специфични за секоја земја, како и специфични за секоја целна група (undercover агенти,раководители, и сл).*

- **ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ОБУКА**
  - *Идентификација на институциите од секоја држава опфатена со проектот кои се во можност да ја вклучат обуката во нивната наставна содржина.*

- **ЗАКЛУЧОЦИ**
  - *Размислувања и постигнување согласност за пристапот за составување на нацрт на специфични модули за обука;*
  - *Дискусија и постигнување на согласнот за дистрибуцијата на улоги и обврски во процесот за подготвување на материјалите за обука.*

* * *

# ВОДИЧ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ

***За време на Работилницата, ќе биде неопходно активно учество од страна на сите учесници при што исполнувањето на нејзините цели зависи од претходната подготовка на материјата предмет на Работилницата од страна на сите учесници од регионот.***

***I ДЕЛ***

*Целта на првиот дел на Работилницата е преку размена на размислувања помеѓу учесниците од регионот како и експертите на Советот на Европа да се презентираат и елаборираат првите нацрти на Имплементациските стратегии / акциони планови за Специјални истражни техники со работните групи од сите држави од регионот кои треба да ги изготват истите во рамките на проектот КАРПО. Работилницата ќе обезбеди помош на Работните групи за завршување на нацрт стратегиите заклучно со 30 мај 2005 пред почетокот на интер-министерската конференција.*

*Во текот на Работилницата секоја Работна група ќе биде поканета да ги презентира главните елементи на нивните нацрт стратегии / акциони планови. Секоја презентација ќе биде ограничена на 15 минути. После презентациите, сите учесници и експерти на Советот на Европа се поканети да ги изложат нивните коментари и сугестии.*

***За да се постигнат овие цели од првиот дел на Работилницата, неопходно е сите учесници однапред да подготват за Работилницата презентација на нацрт имплементациските стратегии.*** *Презентацијата не треба да се фокусира на давање опис на постојната легислатива и институционална рамка бидејки тоа веќе беше остварено со одговорите на прашалникот кој беше презентиран за време на остварениот Студиски престој во Љубљана во декемеври 2004. Во овој случај,* ***презентацијата и самиот нацрт на имплементациската стратегија / акциониот план треба јасно да се фокусира на идентификацијата на постојните недостатоци и плановите за превземање на чекори за подобрување и реформа*** *заедно со секоја поодделна појдовна основа и под-појдовна основа (benchmarks and sub-benchmarks) под Целта бр. 1.3 кои беа усвоени во рамките на проектот КАРПО.*

*Ги охрабруваме членовите на работните групи* ***однапред*** *да му го доставaт на Проект Менаџмент Групата на Проектот КАРПО (преку нивните локални координатори за секоја поодделна земја) нацртот на имплементациската стратегија која што тие ќе ја презентираат на Работилницата во Тирана со цел ние пред почетокот на самата Работилница да ги преведеме на сите јазици на регионот.*

***II ДЕЛ***

*Целта на вториот дел на Работилницата е да се направи преглед на потребите за обука во областа на специјалните истражни техники со посебен нагласок на поставувањето и раководењето на тајни, undercover, агенти. Заклучоците на работилницата ќе бидат основа за понатамошните активности во рамките на проектот КАРПО во годините 2005 и 2006 кои што ќе се состојат од подготвување на целните групи (специјализирани полицајци, undercover агенти и нивните раководители, обвинители и судии) и на специфичните модули за обука во областа на Специјалните истражни техники, имплементација на минумум еден настан за обука на идни тренери, и превод и објавување на материјалите за обука на локалните јазици.*

***За да се постигнат овие цели на вториот дел на Работилницата неопходно е сите учесници однапред да се подготват со следново:***

a) *Идентификација на постојните, планирани и неопходни обуки во областа на Специјалните истражни техники (за сите релевантни групи - специјализирани полицајци, undercover агенти и нивните раководители, обвинители и судии*
b) *Идентификување на институциите од секоја држава опфатена со проектот кои можат да ја вклучат обуката во нивната наставна програма и да ја имплементираат за разните целни групи;*
   *Да сугерираат лица или институции кои би можеле да учествуваат во процесот за изготвување на нацрти специфичните модули за обука во нивните држави.*